Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 2**

**02.02.2018**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2018 година**

1.Го објавувам Буџетскиот календар на Општина Демир Хисар за 2018 година донесен на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/1** **Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Марјанче Стојановски с.р.**

81.Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 61/2004) Советот на општина Демир Хисар на 7-ма седницата одржана на ден 31.01. 2018 год. донесе

**Буџетски календар**
**на општина Демир Хисар за 2018 година**

| Ред. Бр. | АКТИВНОСТИ | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Демир Хисар го донесува буџетскиот календар. | јануари |
| 2. | Министерот зафинансии доставува циркулар - насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | Најдоцна до 30ти септември |
| 3. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите одделенија и буџетски корисници. | Најдоцна до 15ти октомври |
| 4. | Сите одделенија и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Најдоцна до 01ти Ноември |
| 5. | Одделението за Финансиски прашања подготвува проценки на вкупните приходи , ги разгледува анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови , ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет и го известува градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 10ти Ноември |
| 6. | Одделението за Финансиски прашања го изготвува нацрт буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | Најдоцна до 20 ти Ноември |
| 7. | Градоначалникот организира јавна расправа по нацрт буџетот . | Најдоцна до 30 ти Ноември |
| 8. | Градоначалникот доставува предлог буџет до Советот на општина Демир Хисар | Најдоцна до 15ти декември |
| 9. | Советот на општина Демир Хисар го усвојува предлог буџетот. | Најдоцна до 31ви декември |

Буџеткиот календар на општина Демир Хисар за 2018 година влегува во сила наредниот ден од објавувањето во службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.17- 73/3 Совет на општина Демир Хисар**
**31.01.2018 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2017 до 31.12.2017 година IV квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2017 до 31.12.2017 година IV квартал донесен на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/2 Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

82.Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2017 до 31.12.2017 година IV квартал**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2017 до 31.12.2017 година IV квартал.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 73/4 Совет на општина Демир Хисар**
**31.01.2018 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности**

1.Ја објавувам Одлуката за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности донесена на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/3 Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

83.Врз основа на член 5 од Законот за управување со кризи (“Службен весник на РМ” бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16) а во согласност со член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) и член 14 став 1 од Уредбата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определеувањето на субјектите во системот за

управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процена (“Службен весник на РМ” бр.13/11), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2018 година, донесе

**Одлука**
**За редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности**

Член 1

Се донесува одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности.

Со стапувањето во сила на Одлуката, започнуваат активностите за ажурирање на Процената, координирани од страна на Подрачното одделение на регионалниот Центар за управување со кризи Демир Хисар.

Член 2

Одлуката стапува во сила веднаш по објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-73/5 Совет на Општина Демир Хисар**
**31.01.2018 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2017 го 31.12.2017 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2017 до 31.12.2017 година донесен на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/4 Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

84.Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2017 го 31.12.2017 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за период од 01.01.2017 до 31.12.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-73/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**31.01.2018 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за вклопување на бесправен објект во урбанистичка планска документација**

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправен објект во урбанистичка планска документација донесена на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/5 Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

85.Врз основа на член 3, член 12 став 1 точка 2 алинеја 6, член 20 точка 7, член 21 точка точка 1 и член 30 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.Весник на РМ, бр. бр.23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 , 31/2016 и 190/2017), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2018 година, донесува

**О Д Л У К А**
**За вклопување на бесправен објект во урбанистичка планска документација**

1. Се оваа одлука се овозможува проширување на опфат на урбанистичка планска документација за с.Слепче, заради вклопување на бесправно изградена градба.

2. За бесправната градба од точка 1 на оваа одлука која треба да се вклопи во идна планска документација претходно е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект- индивидуален станбен објект на лицето Киро Коруновски од Скопје, ул.„Коперникова“ бр. 19 и после донесувањето на оваа одлука ќе се продолжи со постапката за легализација на барателот .

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-73/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**31.01.2018 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
***за објавување на Програма***
**за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2018 година**

1.Ја објавувам Програмата за донесување на урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2018 година донесена на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/6 Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

86.Врз основа на член 22 став 1 точка 1, точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) а во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/2014 и Измените на Законот, Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Измените на Законот, Сл.весник на РМ бр. 23/2011;155/2012;53/13; 72/13; 44/12; 115/14; 199/14; 124/15; 129/15 и Правилниците), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.01.2018 година донесе

***I. ПРОГРАМА***
**За донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2018год.**

**Член 1**
**I - Генерални урбанистички планови**

**1.** Изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар. Се продолжува со постапката за изработка на ГУП. Планот се изработува согласно годишната Програма за изработка на Урбанистички планови и Државна и локална урбанистичка планска документацијаво РМ за 2014год., а го изработува Агенцијата за просторно планирање.

**I I- Детални урбанистички планови**

1. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2250, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на

бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Симе Зинговски, Демир Хисар.

2. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2307 и КП бр.2297, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Кирило Блажевски и Живко Блажевски, Демир Хисар.

3. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр.1767, КО Демир Хисар, со намена Б1 – мали комерцијални и деловни објекти, со површина која накнадно ке се утврди, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барања за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Тони Трајчевски, Добре Бакиевски и Пецо Јанкуловски.

4. Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, со намена домување, заради вклопување на бесправно изграден помошен објект, кој зафаќа дел од јавна површина, (тротоар), согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Димитрија Трајковски.

5. Изработка на измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 1808/1, КО Демир Хисар, со намена В-јавни институции, заради вклопување на бесправно изграден објект, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија – административна зграда (барањето е доставено до МТВ).

6. Изработка на измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2714, КО Демир Хисар, заради вклопување на бесправно изградени објекти со деловна намена и обезбедување пристап кон градежните парцели.(По улица 1ви Мај).

**<u>I I I - Урбанистички план вон населено место со граници на опфат:</u>**

1. Изработка на Урбанистички план вон населено место, со намена Г1-Лесна и незагадувачка индустрија, со опфат за кој ке се утврди накнадно, за КО Бабино и КО Слоештица, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ГД Гранит, АД Скопје.

2. Изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.1 КО Големо Илино, со намена - туристички локалитет, предвиден и со Просторниот План на РМ ("Сл. Весник на РМ", бр.39/04 г.), во површина од приближно од 2,5 ха. Земјиштето е во сопственост на РМ, пасиште, трета класа.

**<u>IV- Локална урбанистичка планска документација</u>**

1. Изработка на ЛУПД за изградаба на објекти за аквакултура, со опфат за КП бр. 2297, 2284, 2285, 2291, 2292, 2293, 2294, 2295, 2296, 2298, 2299, 2300 и 2301, м.в. Скара, со површина од 19.599м$^2$, КО Доленци, Демир Хисар, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука. Постапката е отпочната на барање на „Аква Ленд“ ДОО Скопје, кој е воедно инвеститор.

2. Изработка на ЛУПД за вклопување на деловен објект, со опфат за КП бр. 1098, КО Загориче, со површина која ке се утврди накнадно, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на ЈП „Македонски шуми“ Скопје, подружница шумско стопанство „Бигла“.

3. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Петар и помошен објект, на КП бр. 9 и КП бр. 10, КО Смилево, по барање на МПЦ.

4. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Атанас и помошен објект, с.Журче, на КП бр. 538, КО Журче, по барање на МПЦ.

5. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Антониј и помошен објект,с. Стругово, на КП бр. 1853 и КП бр. 1854, КО Стругово, по барање на МПЦ.

6. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер Манастир св.Јован и помошни објекти, на КП бр. 4126, 4125, 4123, 4120, 4114/1, сите во КО Слепче.

7. Изработка на ЛУПД со намена Е2-комунална супраструктура за градба за производство на електрична енергија – сончеви фотоволтаични централи на КП бр. 1852, м.в. Прчи Дол, КО Слепче, општина Демир Хисар. Иницијативата-барањето за изработка и одобрување на ЛУПД за сончеви колектори е поднесено од страна на ДООЕЛ Гео Балкан Битола, со лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 0082, издадена од Комора на овластени архитекти на РМ, како полномошник на лицето Коруновски Васко од Битола.

**<u>V. Урбанистички план за село</u>**

1.Изработка на Урбанистички план за село Кутретино, со опфат приближно од 28ха.

2. Изработка на Урбанистички план за село Белче, со опфат приближно од 40ха.

**<u>VI. Урбанистичко-проектна документација (АУП и ПИ)</u>**

1.Да се изработи Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на локален пат врска с.Граиште – Манастир Св. Том, во должина од 2000м$^1$. Иницијативата - Барањето е поднесено од страна на општина Демир Хисар, а изработувач на Проектот за инфраструктура е АРКУС Проект од Прилеп.

2.Изработка Проект за инфраструктура за довод на вода за рибник за тов на пастрмка во КО Бабино, КО Жван, од зафатот на вода од Црна Река до базените за тов на пастрмка, на иницијатива – барање од страна на ДООЕЛ „ПЕРКАН ПРОЕКТ“ Прилеп, како полномошник на ДООЕЛ „ТОБИ ТРАНС“ Битола.

**3.**Изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за имплементација на оптички кабел на релација с.Козица-с.Жван на Македонски Телеком АД Скопје.Иницијативата е поднесена од страна на Гео Балкан, увоз-извоз Битола, како полномошник на Македонски Телеком.

**6.** Изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за имплементација на оптички кабел на релација с.Воѓани-с.Единаковци на Македонски Телеком АД Скопје. Иницијативата е поднесена од страна на Гео Балкан, увоз-извоз Битола, како полномошник на Македонски Телеком.

Член 2

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-73/8 Совет на Општина Демир Хисар**
**31.01.2018 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**

***за објавување на Правилник за поблиски услови, критериуми и начинот на остварување на правото на паричен надомест за секое новородено дете***

1.Го објавувам Правилникот за поблиски услови, критериуми и начинот на остварување на правото на паричен надомест за секое новородено дете донесен на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/7 Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

87.Врз основа на член 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014 и 10/2015), член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната

самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/2002 и 7/2009), како и член 2 од Одлуката за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2018 година („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.17/2017), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 31.01.2018 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правото на паричен надоместок за секое новородено дете**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правата за паричен надоместок за секое новородено дете.

Член 2

Барањето за остварување на правото на паричен надоместок за секое новородено дете се поднесува до Општина Демир Хисар доколку мајката е жител на Општина Демир Хисар.

По исклучок од ставот 1 на овој член, во случај кога мајката не е државјанин на Република Макрдонија, а склучила брак со државјанин на Република Македонија и има лична карта за странец издадена од Министерство за внатрешни работи, барањето за остварување на правото на паричен надоместок за секое новородено дете го поднесува таткото до Општина Демир Хисар доколку таткото е жител на Општина Демир Хисар.

Барањето за остварување на правото на паричен надоместок за секое новородено дете со потребната документација се поднесува најдоцна до наполнети 1 (една) година живот на детето.

Член 3

Поднесувачот на барањето за паричен надоместок за секое новородено дете со барањето за остварување на право на паричен надоместок за секое новородено дете приложува:

1. лична карта од мајката (фотокопија) со оригинал на увид;
2. извод од матичната книга на родени за детето (фотокопија) со оригинал на увид и
3. лична карта од таткото (фотокопија) со оригинал на увид, во случаите од став 2 на член 2 од овој правилник.
4. фотокопија на изводи од матичната книга на родени за децата од претходниот ред на раѓање на мајката, а ако има починато дете/ца и фотокопија на извод односно изводи од матичната книга на умрените и изјава од мајката за редоследот на раѓања на децата, спрема датумот и часот на раѓањата, запишани во изводот од матичната книга на родени на детето, а ако има починато дете се наведува и датумот и часот на смртта на детето, запишани во изводот од матичната книга на умрени на детето.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“, а ќе се применува од 1 јануари 2018 година.

**Број 17-73/9** **Претседател**
**31.01.2018 год.** **на Совет на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар** **Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Согласноста за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Согласноста за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар донесена на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/8** **Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Марјанче Стојановски с.р.**

88.Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13 година) и член 94 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09/, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2018 година, донесе

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар за 2017/2018 година**

1. Се дава согласност на ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи за 2017/2018 година.

2. Согласноста влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар достави барање бр. 03-27/1 од 15.01.2018 година до Советот на Општина Демир Хисар за добивање согласност за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи за 2017/2018 година, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста.

Согласно член 64 став 5 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13 година) се одлучи како во диспозитивот на согласноста.

Доставено до:
- архивата на Општината,
- ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар и

**Бр. 17-73/10 Совет на Општина Демир Хисар**
**31.01.2018 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за именување на член во УО во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на член во УО во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар претставник од вработените донесено на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/9 Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

89.Врз основа на член 114 став 16 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13 година) и член 94 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09/, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар

1. Со ова Решение за член на Управен одбор во ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар се именува Андријана Цветковска.

2. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар достави барање бр. 03-27/2 од 15.01.2018 година до Советот на Општина Демир Хисар за именување на

член на Управен одбор на ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар, претставник од вработените во установата. Согласно наведеното барање, известени бевме дека Стручниот совет на ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар за член на Управен одбор од редот на вработените ја предлага Андријана Цветковска. Согласно член 114 став 16 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13 година) се одлучи како во диспозитивот на решението.

Доставено до:
- архивата на Општината,
- ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар и
- именуваниот.

**Бр. 17-73/11 Совет на Општина Демир Хисар**
**31.01.2018 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за именување на член во УО во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на член во УО во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар претставници од родителите донесено на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/10 Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

90.Врз основа на член 114 став 17 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13 година) и член 94 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09/, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.01.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар

1. Со ова Решение за членови на Управен одбор во ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар се именуваат Николче Најдовски и Сандра Пејковска.

2. Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар достави барање бр. 03-27/2 од 15.01.2018 година до Советот на Општина Демир Хисар за именување на членови на Управен одбор на ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар, претставници од родителите на децата. Согласно наведеното барање, известени бевме дека Советот на родители при ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар за членови на Управен одбор од редот на родителите на децата ги предлагаат Николче Најдовски и Сандра Пејковска. Согласно член 114 став 17 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13 година) се одлучи како во диспозитивот на решението.

Доставено до:
- архивата на Општината,
- ЈОУДГ “2-ри Септември“ Демир Хисар и
- именуваните.

**Бр. 17-73/12 Совет на Општина Демир Хисар**
**31.01.2018 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**

**за објавување на Решение за именување на 5 членови во Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на 5 членови во Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Демир Хисар донесено на седма седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 31.01.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-122/11 Општина Демир Хисар**
**02.02.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

91.Врз основа на член 94 од Статутот на општина Демир Хисар („ Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр.3/2002), а во врска со член 18, став 3 од Законот за јавно здравје („Службен весник на РМ,, бр.22/2010, 136/2011, 144/2014 и 149/2015 ), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.01.2018 година донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на 5 членови во Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1. Во Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Демир Хисар од страна на Советот на општина Демир Хисар , се именуваат 4 членови и тоа:
   Д-р Маргарета Станојоска Калевска - ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар
   Д-р Јагода Филиповска –ПЗУ„Јагода Филиповска“ Демир Хисар
   Д-р Драган Јовановски-ПЗУ „Пантелејмон“ Демир Хисар
   Д-р Валентина Талевска ЈЗУ „Психијатриска болница“ Демир Хисар
2. Еден претставник делегиран од ЈЗУ Центар за јавно здравје - Битола.
   Д-р Владо Трајковски, специјалист по хигиена со здравствена екологија;
3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во ,, Службен гласник на општина Демир Хисар,,.

**Бр. 17-73/13 Совет на Општина Демир Хисар**
**31.01.2018 година Претседател,**
**Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.**

------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Буџетски календар на Општина Демир Хисар за 2018 година-----------------------------------------------1-2
2.Заклучок за усвојување на Квартален извештај на Буџетот на општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 до 31.12.2017 година IV квартал-------------------------2
3.Одлука за редовно ажурирање на Проценета на загрозеност на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности--------------------2-3
4.Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за информации од јавен карактер за 2017 година во Општина Демир Хисар----------------------------------3
5.Одлука за вклопување на бесправен објект во урбанистичка планска документација---------------4
6.Програма за Урбанистички планови на Општина Демир Хисар за 2018 година--------------------------4-6
7.Правилник за поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правото на паричен надомест за секое новородено дете-----------------6-7
8. Согласност за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2017/2018 година----8
9. Решение за именување на член во УО во ЈОУД „Втори Септември“ Демир Хисар--------------------8-9
10. Решение за именување на член во УО во ЈОУД „Втори Септември“ Демир Хисар---------------------9
11. Решение за именување на членови во Совет за јавно здравје на подрачјето на општина Демир Хисар-------------------------------------------------------10

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**